OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# Ј А В Е Н   П О В И К

за 43. седница на Собранието на акционерите
на Охридска банка АД Скопје

Во согласност со Одлуката на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје НО бр. 0203-69955/4 од 26.9.2019 г., 43. седница на Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје ќе се одржи на ден 8.11.2019 година (петок) со почеток во 15:30 часот, во просториите на Охридска банка АД Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 54, 1000 Скопје.

За работата на 43. седница на Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје го предлага следниот

## ДНЕВЕН РЕД

I. Процедурален дел

1. Отворање на Собранието.

2. Избор на работни тела:
   – избор на претседавач,
   – избор на записничар (нотар) и на комисија за броење гласови.

II. Работен дел

1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел.
2. Усвојување на Записникот од 42. седница на Собранието на акционерите на Банката.
3. Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Охридска банка АД Скопје со
   - пречистениот текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје.
4. Предлог-одлука за разрешување на членови на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.
5. Предлог-одлука за именување на Георг Бухер за член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.
6. Предлог-одлука за именување на Ханс Лудвиг Диксер за член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.
7. Предлог-одлука за именување на Славиша Којиќ за член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.
8. Предлог-одлука за именување на Валбурга Зајдл за член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.

Се повикуваат акционерите на Охридска банка АД Скопје да присуствуваат и да учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер што има намера да учествува е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание или со претходно доставување писмена пријава за учество на адресата на Банката:

Охридска банка АД Скопје
„Орце Николов“ бр. 54
1000 Скопје
со назнака „за Собранието на акционерите“.

Обрасците за пријава на учеството на седницата можат да се најдат на интернет-страницата на Банката: www.ohridskabanka.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашањата што се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на Банката и со Законот за трговските друштва.

Гласањето во врска со точките од дневниот ред ќе се врши на начин што е во согласност со Статутот на Банката и со одредбите од Законот за трговските друштва.

Секој акционер со писмено полномошно може да овласти друго физичко или правно лице како свој полномошник кој ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име, за што е должен веднаш да ја извести Банката; во спротивно, ќе се смета дека не го дал полномошното. Деталните информации за начинот на овластување полномошник, обрасците за гласање преку полномошник и начинот на известување за овластување полномошник можат да се најдат на интернет-страницата на Банката: www.ohridskabanka.mk.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акциите со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 15.10.2019 година до 16:00 часот, да предложат дополнување на дневниот ред на Собранието со барање да се вклучат нови точки во дневниот ред и да предложат за усвојување одлуки во врска со секоја од точките што се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на свиканото Собрание.

Секој акционер има право да поставува прашања во врска со секоја од точките од дневниот ред на седницата или претходно, со доставување прашање во писмена форма на горенаведената адреса на Банката.

Детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставување прашања и на предлагање одлуки можат да се најдат на интернет-страницата на Банката: www.ohridskabanka.mk.

Акционерите можат да се запознаат со материјалите од дневниот ред по кој ќе работи Собранието и со дополнителните информации, во согласност со Законот за трговските друштва, во просториите на Охридска банка АД Скопје секој работен ден од 8:00 до 15:00 часот и на интернет-страницата на Банката: www.ohridskabanka.mk.

НО.бр. 0203-69955/4-1
26.9.2019 година
Скопје

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател,

Жан-Филип Гијом